ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-78/15**

**Дата: 02.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Сметката за Наменски дотации (937) на Општина Кичево за 2008 година, кој е прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (937) на општина Кичево, за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Владимир Толески, градоначалник во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните и 2, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 04.12.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансискиот извештај е ослободен од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансискиот извештај го прикажува вистинито и објективно резултатот од финансиските активности за годината која завршува на 31.12.2008 година на Сметката за наменски дотации (937) на општина Кичево, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Сметката на Наменски дотации (937) на Општина Кичево остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 24.02.2010 година

Овластен државен ревизор

**Општина Кичево Сметка за наменски дотации-противпожарна единица (937)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 7.154 | 6.670 |
| **Вкупно приходи** | | **7.154** | **6.670** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 7.154 | 6.670 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.154** | **6.670** |
| **Вкупно расходи** | | **7.154** | **6.670** |